Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј"
Медицински факултет - Скопје
Факултетско студентско собрание

Врз основа на член 11 став 1 точка 11, а во врска со член 46 и 47 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Медицински факултет при УКИМ во Скопје и член 4 од Одлуката за формирање на комисии, Факултетското студентско собрание на седница одржана на ден 11.12.2019 година го распиша следниов

# КОНКУРС

***за пријавување на членови на комисии на Факултетското студентско собрание на Медицински факултет при УКИМ во Скопје***

Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, согласно одредбите од Статутот го распишува овој Конкурс за пријавување на членови на комисии. Согласно Статутот, Факултетското студентско собрание ги формираше следниве комисии:

- Комисија за спорт составена од 5 студенти;
- Комисија за култура составена од 3 студенти;
- Комисија за животна средина составена од 3 студенти;
- Комисија за образование и наука составена од 5 студенти;
- Комисија за нормативна дејност составена од 3 студенти;
- Комисија за соработка и комуникација составена од 5 студенти;

Согласно одлуката за формирање на комисии, во работата на комисиите можат да учествуваат сите редовни студенти на Медицинскиот факултет - Скопје. Еден студент може да членува најмногу во две комисии на Факултетското студентско собрание. Комисиите се должни најмалку два пати годишно да доставуваат извештај за својата работа до Факултетското студентско собрание.

Комисиите се должни на првиот свој состанок од редовите на свои членови да изберат претседател кој раководи и ја координира нивната работа. Насоки за работата на комисиите дава ФССМЕДФ. Мандатот на членовите на комисиите трае една година.

Право на пријавување имаат сите редовни студенти кои студираат на студиските програми од било која година на Медицинскиот факултет во Скопје.

Потребни документи за конкурирање:

- Мотивациско писмо (адресирано до: *ФССМЕДФ - Скопје*);
- Кратко CV;
- Фотокопија од индекс;

Студентите пријавата по овој конкурс ја доставуваат на електронската пошта fssmedf@gmail.com. Документите се поднесуваат од **11.12.2019 година до 18.12.2019** година. Документите кои се некомплетни и доставени надвор од наведениот рок нема да се разгледуваат.

Резултатите за изборот на комисии ќе бидат објавени на веб страницата на факултетот.

11.12.2019г.

Скопје

Претседател

Марио Петрески, с.р.